СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

# ЛОКАЛНА МЛАДИНСКА СТРАТЕГИЈА ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА ОПШТИНА ПРИЛЕП



СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

# ЛОКАЛНА МЛАДИНСКА СТРАТЕГИЈА ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА ОПШТИНА ПРИЛЕП

**Март 2010**

Процесот на изготвување на Локална Младинска Стратегија за културата во општина Прилеп е финансиски поддржан од Министерството за Култура на Република Македонија

**Вовед**

Коалицијата на младински организации СЕГА е невладина и непрофитна мрежна организација која работи на развивање и примена на младински политики во РМ, ги поврзува и јакне младите со цел подобрување на нивната општа состојба.

Коалиција на младински организации СЕГА во период од Декември 2009 – Март 2010 година го спроведуваше проектот „Младинска стратегија во културата на локално ниво“. Овој проект е финансиран од Министерството за Култура на Република Македонија, како дел од годишната програма за работа на Министерството за 2009 година. Целта на проектот беше да се изготви и усвои Локална Младинска стратегија во културата за општина Прилеп[1].

Во подготовката на овој документ беа вклучени претставници од Општина Прилеп, Центарот за Култура „Марко Цепенков“, Институтот за Старословенска Култура, Средното Музичко Училиште, Градската Библиотека, Младинско Драмско Студио, Културно Уметничко Друштво Мирче Ацев, НВО Театарска Работилница, НВО Младински Совет Прилеп. Секоја од вклучените институции придонесе за изработката на овој документ во однос на анализа на моменталната состојба, одредување на приоритетите како и целните интервенции за подобрување на културниот живот на младите луѓе во Општина Прилеп.

Со креирањето на оваа стратегија се овозможи базичен приод на адресирање на потребите на младите луѓе во областа на културата во Прилеп. Исто така, со овој документ ќе се поттикнат младите и институциите кои работат на полето на култура да бидат активен дел при планирањето и спроведувањето на културните програми и проекти. Стратегијата ќе понуди насоки за подобрување на културата на локално ниво за период од 5 години.

Искрено,

Коалиција на младински организации СЕГА

[1] „Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп („Службен гласник на Општина Прилеп“ 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 04.06.2010 година ја усвои Локалната младинска стратегија во областа на културата за општина Прилеп“, 08 Јуни 2010, Службен гласник бр.6 од 2010 година на Општина Прилеп.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Овој документ се состои од две компоненти:

- Анализа на моменталната состојба која ги опишува случувањата на полето во културата од аспект на младите луѓе и претставниците на институциите и организациите кои работат во полето на културата и

- Долгорочни специфични цели и целни интервенции кои се базираат на решавање специфични проблеми произлезени од идентификуваната состојба во културата на локално ниво.

Во почетокот на овој проект (декември 2009 година) беше формирана работна група за изготвување на локалната младинска стратегија за култура. Во работната група учествуваа претставници на организации на локално ниво кои работат на полето на култура (спomenати подолу).

Во процесот на креирање на оваа стратегија најпрво беше организирана фокус група со млади луѓе (средношколци, студенти и претставници на локални младински организации) во почетокот на месец јануари 2010 година. Според наодите од оваа фокус група беше дизајниран пристапот за одредување на главните насоки за локалната стратегија.

Во периодот јануари – март 2010 година беа организирани 4 состаноци на работната група на кои се утврди состојбата, причините за таквата состојба, проблемите и потребите во областа на културата. Исто така, работната група ги утврди и целите и целните интервенции со кои ќе се адресираат постоечките проблеми и потреби на младите луѓе.

Партиципативниот и транспарентен процес при креирањето на оваа стратегија беше клучен дел за успешноста во дефинирањето на следните насоки кои треба да бидат спроведени од сите релевантни фактори и поединци во заедницата кои се занимаваат со култура.

**Анализа на состојбата и потреби**

*„Согласно досегашната историска, социјална, политичка и етичка практика на македонското општество, а во отсуство на меѓународно призната дефиниција, под терминот млади во Република Македонија се подразбира посебна социо-етичка категорија на население на возраст од 15 до 24 години, која е особено ранлива на социо-економските промени во општеството, и која претставува основен ресурс за развој, носејќи ја критичната мисла и порив за промени и иден напредок на општеството.*

*Имајќи ги предвид последиците од социо-економската криза во Република Македонија, која го оневозможува процесот на развој на една активна и одговорна индивидуа (пролонгирано време на едукација, неможност да се најде работа, неможност да се заснова семејство, економска зависност од родителите или немање на економска и оттука лична независност), секоја сериозна акција или програма за млади треба да ги земе предвид и лицата од 24 до 30 години, со цел ублажување или отстранување на пречките кои стојат пред нивниот развој како индивидуи и одговорни граѓани на македонското општество“.*[2]

Според тековните состојби во областа на културата во Прилеп младите генерално недоволно учествуваат во перцепцијата и создавањето на културните продукти. Младинските културни проекти не се доволно поддржани од страна на локалните институции. Културната понуда не генерира соодветна заинтересираност за учество на младите луѓе и организациите кои работат на полето на културата. Мал е бројот на случаи во кои институциите иницираат вклучување на младите во дизајнирањето на културните настани со што би се зголемила нивната информираност, но и учество во културните активности. Исто така се јавува потребата за развој на културата на локално ниво и поддршка на младинските здруженија и младинските културни уметници кои работат на полето на културата. Од круцијална важност за активно учество на младите во културниот живот е обезбедувањето на финансиска и техничка поддршка на долгорочен план. Особено е голем јазот за можности за учество во културните случувања помеѓу луѓето од градот и руралните места. Поддршката не треба да значи само финансирање на културни активности туку и вложување во човечките ресурси, обезбедување на простор и техничка опрема. Сепак, многу често новите идеи не се прифаќаат и со тоа не се поттикнуваат младите да организираат културни настани. Постојат повеќе платформи за културно изразување меѓу кои е и Прилепското културно лето. За културното лето да функционира поефективно се појавува потреба од продолжување на времетраењето на самата манифестација со цел да обезбеди активности за младите културни работници и организации/групи активни на локално ниво.

Според моменталната состојба на составот на кадровските структури во културните институции се покажува дека застапеноста на младите луѓе во овие институции е на многу ниско ниво. Иако младите се присутни при организирање на некои настани ним не им е обезбедено релевантно учество во креирањето на политиките кои се однесуваат на локалните активности во културата. Потребно е да се залагаме за адекватна застапеност на младите во културните институции. Негативно влијание на ваквата состојба придонесува и практиката според која професиите од областа на културата не се вреднуваат соодветно на пазарот на трудот, па оттука произлегува слабиот интерес на младите за професионално ориентирање во уметничките и културните професии. Несоодветната стратегија на културниот менаџмент предизвикува константна некомпетитивност во однос на останатите области и професии. Дополнително на ваквата ситуација влијаат и слабите капацитети на лицата кои се ангажирани на одговорни позиции, поради што е индикативна

---

[2] Национална Стратегија за Млади на Република Македонија

потребата за  стручен кадар кои соодветно ќе одговори на обврските и ќе продуцира нови и прогресивни идеи на културно поле.

Во Прилеп постојат голем број на места каде младите и младинските групи или организации можат креативно да се изразат. Меѓутоа овие места не се доволно искористени, а една од причините е и недостатокот на интерсекторска комуникација, соработката со други организации и институции која доколку се применува може да резултира со зголемен интерес за културата и културните продукти како и оптимално искористување на ресурсите и капацитетите. Просторот од државните институции (на пример Центарот за култура Марко Цепенков) да биде подостапен за користење на младите за културно изразување. Не постои ефикасен систем на проток на информации до јавноста за тековните и планираните активности. Летните капацитети на градот скоро и да не се искористени за изведба на театарски претстави и други културни манифестации од страна на театарските и аматерските групи. Надлежните институции за културата во Прилеп не ги афирмираат постоечките просторни капацитети и не ги ажурираат културните информации. Исто така проблем кој веќе подолго време е присутен е нефункционалноста на киното во Прилеп. Недостатокот на иницијативи за негово ставање во функција резултираат со апатија на културните институции да преземат соодветни мерки со кои би се промовирал овој објект и би се привлекле младите луѓе.

На локално ниво интересот на младите да креираат и организираат културни активности е недоволен. Како пречка во учеството на младите во културниот живот се јавува и недоволната информираност, па оттука и потребата за конзистентен систем на информирање за културните настани и случувањата од културата. Имено неформалниот дел на образованието кое ја опфаќа областа на култура не е доволно застапен во средните и основните училишта во Прилеп. Младите не се едуцирани како да го изразат својот потенцијал во своите училишта бидејќи не постојат програми кои ќе ги поттикнат. Генерално здруженијата на граѓани се тие кои прават напори за едукација на младите луѓе, меѓутоа нивните активности се спроведени на ниво на проект не оставајќи простор за развивање на постојана програма.

# ВИЗИЈА

АКТИВНО УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ ВО КУЛТУРНИОТ ЖИВОТ ПРЕКУ ИЗРАЗУВАЊЕ НА НИВНИОТ КРЕАТИВЕН ПОТЕНЦИЈАЛ.[3]

**Специфична цел 1:**
ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА АКТИВНА ПОДДРШКА ЗА ПРОЕКТИ ОД КУЛТУРАТА СОЗДАДЕНИ ОД МЛАДИ

Оваа цел произлегува од потребата за спроведување на активности кои ќе придонесат кон побогат културен живот на локално ниво интересен за младите, и кој ќе обезбеди можности за поддршка на младите уметници и здруженија на граѓани. Во оваа насока ќе се поттикнат младите да се здружуваат и да креираат проекти. Исто така, како можност треба да се наведе и вклучувањето на бизнис секторот во поддршка на проекти од областа на културата. Преку активностите кои здруженијата на граѓани ќе ги спроведуваат во состав на оваа цел ќе се придонесе кон доближување на културните вредности до младите луѓе во Прилеп.

**Целни интервенции:**

- Активна поддршка на младите таленти и здруженијата на граѓани кои што работат на полето култура
- Информирање на младите за можностите кои ги нуди Локалната Самоуправа во областа на културата
- Подобрување на соработката помеѓу локалните власти, културните институции и младите уметници
- Промовирање на културно историските вредности во Прилеп

**Стратегии:**

- Креирање на фондови кои ќе ги адресираат потребите на младите во културниот живот (бизнис сектор)
- Обезбедување на транспарентен процес за идејни решенија културните прашања во општината
- Подготвување на програми за поддршка на проекти за културни настани финансирани од Локалната Самоуправа
- Поттикнување на НВОите и младите таленти кои работат на полето на културата да поднесуваат предлог проекти до Локалната Самоуправа и бизнис секторот
- Изработка на промотивен материјал (пишан и електронски) за информирање на младите за културните настани во Прилеп и информирање за можностите од финансирање (Воспоставување на културен информатор за млади во средните училишта)
- Организирање на настани за дебата (дијалог) помеѓу културните институции, локалните власти и младите уметници

---

[3] Национална Стратегија за Млади на Република Македонија

- Формирање на тело на млади луѓе активни во полето на културата и претставници на културните институции
- Изработка на „Културен Водич“ на македонски и англиски јазик каде ќе бидат опфатени сите скулптури и културно историски споменици со фотографија, податоци и местоположба
- Промовирање на културните вредности помеѓу младите луѓе

**Специфична цел 2:**
ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА АДЕКВАТНА ЗАСТАПЕНОСТ НА МЛАДИТЕ ВО КУЛТУРНИТЕ ИНСТИТУЦИИ.

Моменталната ситуација покажува дека потребни се иницијативи за развивање на свеста кај културните установи за потребата од вклучување на младите во структурите на институциите. Со соодветната застапеност на младите луѓе ќе се даде младинска перспектива во процесите на креирање политики и донесувањето на одлуки при планирањето на културни активности на локално ниво. Со тоа ќе се поттикне вклучувањето на младите луѓе во овие структури кои до овој момент имаат само симболичен карактер.

**Целни интервенции:**

- Да се зголеми учеството на младите културни работници во процесите на донесување одлуки и креирање политики во областа на културата во град Прилеп
- Да се поттикне вработувањето на млади кадри во културните институции
- Да се поттикне соработка помеѓу младите културни работници

**Стратегии:**

- Формирање на група на млади уметници кои ќе дискутираат и ќе иницираат идеи до донесувачите на одлуки во полето на културата (Мотивирање и поттикнување на здружување на младите уметници)
- Овозможување на младите да учествуваат во проектите реализирани од ЕЛС и културните институции
- Иницирање на идеи во полето на културата и преку проекти да се овозможат средства за волонтирање на млади луѓе во културните институции
- Младите активно да се вклучат во заштита на културно историските вредности

**Специфична цел 3:**
ДА СЕ ПОДОБРАТ ТЕХНИЧКИТЕ И ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА КУЛТУРНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ПРИЛЕП ВО КОРИСТ НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ

Иако општина Прилеп располага со големи капацитети во и надвор од културните институции сепак овие просторни капацитети не се соодветно искористени. Според тоа, потребно е да се иницира креирање на простор кој ќе ги мотивира младите правилно да ги насочуваат своите идеи. Исто така, потребно е да се вложи во обновување на старата опрема која е на располагање во културните институции со цел подобро спроведување на културните настани кои се случуваат во институциите.

**Целни интервенции:**

- Да се обезбеди посебен објект (од постоечките просторни капацитети) во кој што младите ќе можат културно да се изразат
- Да се подобри техничката опременост на културните институции
- Да се искористат постоечките просторни капацитети во кои што младите луѓе ќе можат да се изразат

**Стратегии:**

- Воспоставување на Младински Културен Центар
- Воспоставување на функционално кино во Прилеп
- Поголема промоција на театарот преку локалните медиуми
- Отворање на младинско радио
- Да се обезбеди грант за техничка опрема
- Обезбедување на технички услови за проби за културните уметнички активности
- Да се применат искуствата и практиките од другите земји

**Специфична цел 4:**
ДА СЕ ЗАЈАКНАТ КАПАЦИТЕТИТЕ НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ И АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

Бидејќи младите не се доволно информирани и едуцирани за можностите од развивање на културата, потребно е да се дизајнираат активности кои ќе придонесат кон обучување на младите за искористување на својата креативност, доближување до алтернативните начини на обука кои се применливи во другите држави како и да се промовираат придобивките на младите од свое вклучување во организации или неформални групи кои придонесуваат за развој на културата во Прилеп. Со достапноста на фондовите на ЕУ за активности во областа на културата потребни се и дополнителни обуки за правилен пристап и ефикасно искористување и примена на овие фондови.

**Целни интервенции:**

- Да се едуцираат младите за алтернативна уметност
- Директно вклучување на младите во спроведувањето на програмите и активностите од областа на културата

**Стратегии:**

- Организирање на едукативни работилници за младите

- Овозможување на услови за организирање на културни настани (музички, драмски, литературни, ликовни) од страна на младите
- Поттикнување на младите да учествуваат (членуваат, активираат) во НВОи кои работат на полето на култура
- Поттикнување на младите средношколци да формираат младински клубови во средните училишта кои ќе делуваат на културата (културни настани на локално ниво и во училиштето)

**Учесници во процесот на изготвување на Локалната Младинска Стратегија за културата во Прилеп**

| РЕДЕН БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ИНСТИТУЦИЈА /ОРГАНИЗАЦИЈА |
|---|---|---|
| 1. | Снежана Ристеска | Локална Самоуправа Прилеп |
| 2. | Игор Трпчески | Театарска Работилница |
| 3. | Андријана Цицоска | Н.У.Ц.К. Марко Цепенков |
| 4. | Александар Тодески | Н.У.Ц.К. Марко Цепенков |
| 5. | Марина Јордановска | К.У.Д. Мирче Ацев |
| 6. | Атанас Атанасоски | Институт за старословенска култура |
| 7. | Александра Стојаноска | Младинско Драмско Студио |
| 8. | Киро Гаралоски | О.М.У. Ордан Михајлоски |
| 9. | Васил Киров | Градска библиотека Борка Талески |
| 10. | Александар Василески | Завод и Музеј |
| 11. | Миле Димкоски | Младински Совет Прилеп |
| 12. | Александар Јованоски | Младински Совет Прилеп |
| 13. | Маја Иваноска Крстевска | Коалиција на младински организации СЕГА |
| 14. | Томислав Гајтаноски | Коалиција на младински организации СЕГА |
| 15. | Зоран Илиески | Коалиција на младински организации СЕГА |